Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-335/2
02-05-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–335/1 од 26.03.2024 година, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-335/1 од 26.03.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје **поради ненадлежност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставен поднесок насловен како жалба од [redacted] од Скопје. Подносителката наведува дека поднесува жалба во врска со одлука за избор на кандидат за извршител на работно место Државен советник за ИПА прекугранична и територијална соработка во Министерството за локална самоуправа заведена под бр.04-71/8 од 12.02.2024 година. Тоа го прави поради тоа што постапката за вработување не била спроведена во согласност со член 30 став (2) од Законот за административни службеници во кој е утврдено дека постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас, по што, во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат на работното место и истиот заснова работен однос со работодавачот. Во конкретниот случај за предметното работно место, Министерството за локална самоуправа под „Посебни услови“ во алинеја 3, покрај останатото, предвидело 3 (три) години работно искуство во приватниот сектор, а кој услов не е во согласност со актите за систематизација на работните места и организација на наведениот државен орган, односно не бил неопходен за извршување на работните задачи на тоа работно место, услов кој е искористен како предност за и конкурентна постапка при вработувањето. Понатаму, подносителката навела и дека ја спори постапката за вработување и во врска со начелото на правична застапеност на етничките заедници и содржината на годишниот план на Министерството.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на спроведување на постапка за вработување согласно Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22).

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов

идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Оттука, опишаниот настан во претставката не индицира дискриминаторско дејство во смисла на член 5 и член 6 од горенаведениот Закон, а по кое би постапувала Комисијата согласно своите законски надлежности.

За предметната работа е предвидено поведување на други видови на постапка, имено постапка за инспекциски надзор согласно член 99 став 2 од Законот за административни службеници, според кој „Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, врши Државниот управен инспекторат.“.

Како и соодветно поднесување на жалба до Агенцијата за администрација, во согласност со член 45 став 3 или член 52 став 5 од Законот за административни службеници.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Заменик претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
[redacted]
*- Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk